**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-366**
**24.11. 2023 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3353/1 од 01.09.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-4325/3 од 23.11.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, заради извршена повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 9-ти август 2023 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3353/1 од 01.09.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) е надлежна да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, ЗАВМУ и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 51 став 1 од ЗАВМУ, давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги треба на своите корисници да им овозможат лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: името на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, односно називот, заштитниот знак или сопствениот скратен идентификациски знак (авизо, лого и слично); адресата на седиштето на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга; податоци за контакт со давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и доколку е возможно и за надлежното регулаторно тело.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 1-ви септември 2023 г., изврши редовен, административен надзор (мониторинг) на телевизискиот

програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9-ти август 2023 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 51 став 1 од ЗАВМУ. Имено, со надзорот е констатирано дека на 9-ти август 2023 г., ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудио медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецnewфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3353/1 од 01.09.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево на 06.09.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-3353/2 од 06.09.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3353/1 од 01.09.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 29.09.2023 година. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 23.11.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3353/1 од 01.09.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-4325/3 од 23.11.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 23.11.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3353/1 од 01.09.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

____________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
- Управителот на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

01.09.2023
АП 3353 1

1. Вид надзор: Редовен;
2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
3. Период опфатен со надзорот: 9 август 2023 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 1 септември 2023 година;
5. Предмет на надзорот:
   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер).
6. Претходно изречена мерка: /
7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9 август 2023 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име на давателот на аудио медиумската услуга; адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга; податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 9 август 2023 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*